Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава добиена од познат подносител, на 65-тата седница одржана на 15.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата со број 12-5207/1 од 25.11.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со архивски број 12-5207 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-5207/1 од 25.11.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (поранешно име: ///) //// од /// / /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени сомнежи за сторена измама при купопродажба на стан во Куманово. Од ДКСК бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека во конкретниот случај се работи за имотно-правен спор, за чие решавање се надлежни основните судови во Република Северна Македонија.

Согласно погоре наведеното ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување, заради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:

- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: С. П. Д.